РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 10 - 175/1
09 07 2025 год.
Нов Дојран, Дојран

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# ООУ „КОЧО РАЦИН“ - НОВ ДОЈРАН

# ОПШТИНА ДОЈРАН

**за период од 2025 до 2029 година**



**Дојран, јуни 2025 година**

**П р е а м б у л а**

ООУ „ Кочо Рацин“ - Нов Дојран, Развојното планирање го изработува врз основа на член 49 став ( 1 ), ( 2 ) и ( 6 ) од Законот за основно образование ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/2020), Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр.08-3714/3 од 29.05.2024 година, Законот за наставници стручни соработници во основното училиште, Законот за работни односи (член 30-35 и 40-46), Законот за јавни набавки ( член 1-3 и 15-19 ), Статутот на училиштето, Извештај од интегралната евалуација на училиштето спроведена од 30.10.2024 до 1.10.2024 година. и Извештаите од извршените Самоевалуации на училиштето (2020-2022 и 2022 – 2024 година).

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| Училиште | ООУ „Кочо Рацин“ |
| Адреса | Ул. „Моша Пијаде“ бр. 14, 1485 Нов Дојран |
| Телефон, е-пошта | 034 227 237, 070 209 098<br>ou-kochoracin-novdojran@schools.mk |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | Декември 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 244 |
| Број на подрачни училишта | 5 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Мирослав Бошнаков |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Снежана Кортова |
| Потпис | |
| Датум | |

## Содржина

1. Податоци за основното училиште ..... 5
1.1 Идентификациони податоци за основното училиште ..... 5
1.2 Историјат на основното училиште ..... 6
2. Преглед на постигнатите цели од претходната Развојна програма на училиштето ..... 7
3. Фактори што влијаат на развојот на основното училиште (SWOT - анализа) ..... 10
4. Мисија и визија на основното училиште ..... 13
5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив ..... 14
6. Дефинирани стратешки и развојни цели ..... 16
7. Акциски планови за реализација на развојната програм на училиштето ..... 18
8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето ..... 29

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1 Идентификациони податоци за основното училиште

| **П о д а т о ц и** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Кочо Рацин“ |
| Адреса | ул. Моша Пијаде бр. 14 |
| Телефон | 034 / 227 - 234 |
| Место, општина | Нов Дојран, Општина Дојран |
| Веб-страница | www.ooukocoracindojran.edu.mk |
| Е-маил | kracin_dojran@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 03 јуни |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1735m2 |
| Училиштен двор(m2) | 13 225 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | 5 (ПУ Стар Дојран, ПУ Ѓопчели, ПУ Фурка, ПУ Николиќ, ПУ Црничани) |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 450 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 244 |
| Број на паралелки | 23 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик и турски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 1.2 Историјат на основното училиште

ООУ „Кочо Рацин“ е општинско основно училиште кое е лоцирано на самиот влез во Нов Дојран. Недалеку од училиштето се наоѓа Полициската станица, Здравствената амбуланта и неколку трговски друштва. Училиштето е основано е од страна на МОН, верификација-број на акт 09-751/1-88 од 22.09.1948 година, и од тогаш повеќе од 75 години примерно и со успех работи на образованието, воспитанието и оформувањето на млади генерации, давајќи придонес за нивното успешно вклучување во сите текови на современиот општествен живот.

Се до 2001 година училиштето работи во старата училишна зграда, изградена од страна на самото население со доброволни акции која се наоѓа во центарот на Дојран. Од 1 – ви Септември 2001 училиштето е преселено во новата училишна зграда со што условите за изведување на воспитно – образовниот процес се видно подобрени, а со тоа и успехот на учениците. Учебната 2024/2025 година, училиштето работи со вкупно 244 ученици, кои се распоредени во 23 паралелки, предводени од 33 наставници.

Во склоп на училиштето работат и пет подрачни училишта во населените места: Стар Дојран, Николиќ, Фурка, Црничани и Ѓопчели, каде се изведува настава од 1 - 5 одделение, а во населеното место Ѓопчели наставата се изведува на турски јазик.

Современата квалитетна настава со најмодерна техничко - технолошка опрема, допринесува за квалитетно образование. Унапредувањето на условите во нашата образовна институција е главен приоритет за обезбедување квалитетно образование. Улогата на воспитно - образовниот процес е социјализација, воспитание и образование на учениците, со цел создавање на основи за развивање на нивните потенцијали и стекнување на знаења за светот кој што ги опкружува.

## 2. Преглед на постигнатите цели од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Не реализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на учениците во вонаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП | Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност | Да | | | Учениците во нашето училиште не се делат по пол и етничка припадност, како ни според други критериуми. Сите според нивните интереси севклучени во воннаставни активности кои редовно се реализираат и медиумски се споделуваат со јавноста преку гласилата на училиштето. |
| | Мотивирање на учениците со ПОП, да се вклучат во воннаставни активности според нивни интереси | Да | | | Учениците со ПОП севклучуваат во воннаставни активности според нивните интереси, со што се подобрува инклузијата во училиштето. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Не реализирана** | **Образложение** |
| Зголемување на просторните капацитети – училници во | Доградба/надградба на училници во | | Да | | Извршена е пренамена на простории во училиштето и зголемен е капацитетот за една училница и еден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| училиштето | училиштето | | | | кавинет. |
| | Доуредување на училишниот двор и спортските игралишта | | Да | | Уреден е просторот околу бистата во училишниот двор и реконструирано е ракометното игралиште. |
| | Изградба на детско инклузивно игралиште за деца со посебни образовни потреби во склоп на училишниот двор во Нов Дојран | Да | | | Изградено е инклузивно игралиште во скоп на училишниот двор. |
| | Реконструкција на ЕКО фасада на училишната зграда во Нов Дојран | Да | | | Во соработка со општината реализиран е проект за термичка изолација на училишната зграда. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Не реализирана** | **Образложение** |
| Подигање на квалитетот на наставата | Опремување на училиштето со современи наставни средства и помагала | Да | | | Сите училници и кабинети се опремени со смарт табли, проектори, преносни компјутери и интернет што овозможува примена на современи методи во наставата |
| | Зголемување на библиотечниот | Да | | | Постојано се надополнува библиотечниот фонд со: енциклопедии, лектири, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | фонд и реорганизација на библиотеката во училиштето | | | | стручна литература и слободни наслови. |
| | Опремување на кабинети според новите барања во образовниот процес | Да | | | Целосно опремен кабинет за изведување на настава по природните науки според спецификациите предвидени од МОН. |
| | Професионален развој на наставници и стручна служба за одржување квалитетна настава за ученици со посебни образовни потреби | Да | | | Континуирана се следат обуки од страна на наставниците и стручната служба според планот и динамиката предвидени од БРО. |

## 3. Фактори што влијаат на развојот на основното училиште (SWOT - анализа)

| Предности (силни страни)<br>на основното училиште | Слабости (слаби страни)<br>на основното училиште |
|---|---|
| • Оптимално користење на постојната литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја ИКТ технологијата (смарт табли, ЛЦД проектори) во училиштето.<br>• Успешна реализација на додатна и дополнителна настава.<br>• Изработка на план за Личен професионален развој на сите наставници.<br>• Учество на натпревари и добивање на значајни награди на учениците.<br>• Подобрување на постигањата на учениците е преку примена на современи форми и методи во наставата, редовно организирање и реализирање на додатна и дополнителна настава.<br>• Континуирано осовременување на условите за работа во училиштето (просторни и технолошки).<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.<br>• Училиштето, за афирмирање на наставните и на вонаставните активности, како и за промовирање на меѓуетничка интеграција, соодветно ги користи различните медиуми (интернет страница, социјални мрежи, локални медиуми, ученичко катче и сл.).<br>• Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот | • Недоволна вклученост на учениците во процесот на планирање на вонаставните активности.<br>• Нема пристапна рампа во тоалетите, ниту пак на скалите за втори спрат, (нема ученици со физички хендикеп, но не значи дека во иднина ќе нема).<br>• Недоволно познавање на македонскиот јазик (јазична бариера која го отежнува учењето), за учениците кои наставата претходно следеле на турски јазик во подрачното училиште.<br>• Слаба соработка со родители на ученици со слаб успех.<br>• Недоволна заинтересираност за самостојно вклучување и учество во додатна настава и вонаставни активности .<br>• Добар дел од учениците се чувствуваат неприфатени од своите соученици, кое мислење го потврдуваат и дел од родителите.<br>• Добар дел од учениците не искажуваат позитивен став кон одењето во училиште.<br>• Недоволно учество на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот инаркотичките средства.<br>• Недоволно учество на учениците во работилници за заштита и превенција од штетните влијанија на насилното однесување.<br>• Недоволна информираност на родителите од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период.<br>• Обезбедување редовни, детални и сеопфатни |

| | |
|---|---|
| за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.<br>• Членовите на училишниот одбор одлуките кои ги носат на состаноците ги носат по сопствено убедување и без притисок од останатите членови на УО, или на директорот.<br>• Сите субјекти во училиштето успешно функционираат во однос на организирање, управување и раководење на работата на училиштето.<br>• Целите и потребите во училиштето се јасни и прецизни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирања на постигањата на учениците.<br>• Успешна соработка со локалната самоуправа, фирми, институции.<br>• Наменско користење на буџетските и материјалните средства. | информации за работа на Училишниот одбор на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>• Училиштето нема воспоставено механизми за пофалување, наградување на наставници и стручни соработници кои дополнително се ангажираат и постигнуваат резултати со учениците; |
| **Можности ( прилики ) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки ( опасности) што произлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| • Организирање на обуки и семинари за подобро и поуспешно планирање и реализација на образовна инклузија.<br>• Обезбедување на стандарди за оценување на ученици со ПОП.<br>• Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех.<br>• Поголема информираност на родителите на родителските и индивидуалните средби и разговори за активно вклучување на учениците кога се повикуваат на дополнителна и додатна настава и во воннаставни активности со цел подобрување на нивните резултати, стекнување поголеми знаења и развивање на додатни вештини.<br>• Изнаоѓање финансиски средства за наградување на учениците (донации и спонзорства).<br>• Воучилиштето да се применат и пронајдат активности, методи и начини за прифаќање на учениците од своите соученици.<br>• Да се пронајдат причините заради кои учениците не искажуваат желба за одење на училиште и да се надминат.<br>• Поголемо вклучување на учениците во | • Недостаток на финансиски средства може да го намалат квалитетот на образовниот процес и спроведувањето на планираните активности.<br>• Слабата комуникација со родителите може да влијае на успешноста на учениците и нивната мотивација за учење.<br>• Недоволната информираност за улогата на ученичката заедница може да доведе до намалена вклученост и иницијативност кај учениците.<br>• Недостаток на ресурси за иновативна настава и недоволно развиена инфраструктура за дигитална трансформација во образованието. |

| | |
|---|---|
| активности, предавања, работилници за превенција на рзлични видови на насилство.<br>• Преставниците од Советот на родители да бидат потранспарентни во однос на информирање на родителите од паралелките за резултатите, одлуките и активностите кои треба да се спроведат.<br>• Членовите од УО да бидат потранспарентни во однос на информирање на родителите за резултатите, одлуките и активностите кои треба да се спроведат<br>• Воспоставување на механизми за пофалување и наградување на наставниот кадар и стручната служба според вложениот труд. | |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

### Мисија

Нашето училиште обезбедува квалитетен воспитно - образовен процес преку користење на современа образовна технологија, примена на современи техники и методи на учење и поттикнување на индивидуалниот развој на учениците со почитување на различностите.

### Визија

Училиште кое создава услови за индивидуален развој на учениците и професионален развој на наставниците, училиште со мотивирани наставници и ученици што ќе резултира со ефективен и квалитетен воспитно - образовен процес.

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритети | Образложение |
|---|---|
| • Прилагодување на тоалет за ученици со физички пречки и монтажа на лифт на скалите за пристап до втори спрат. | Изградба на тоалет за учениците со физички пречки и монтажа на лифт на скалите за пристап до втори спрат, бидејќи постоечките решенија не ги задоволуват потребите. (Моментално немаме ученици со физички хендикеп но можно е да се јави таква потреба) |
| • Недоволна вклученост на учениците во процесот на планирање на воннаставните активности. | Да се вклучат учениците во планирањето на воннаставните активности и донесувањето одлуки е од големо значење за нивниот образовен и личен развој. Ова придонесува за чувство на припадност, мотивираност и одговорност, а истовремено го подобрува квалитетот на училишниот живот. Учениците развиваат лидерски и организациски вештини, што ги подготвува за идни предизвици. Вклученоста во процесите на одлучување ја зголемува нивната мотивација, интерес и ангажираност. Тоа промовира демократски вредности, поттикнува инклузивност и ја подобрува училишната клима. Овие активности стануваат поквалитетни и релевантни, што води кон повисоко учество и подобрување на образовниот процес. |
| • Креирање на комплексен и ефикасен систем за превенција од насилство и заштита на учениците од ризици како што се пушење, алкохол и дрога. | Постои недоволна вклученост на учениците во работиници за заштита од штетни влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средсва. Родителите се недоволно информирани дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога. Иако наставниците учествуаат во активности за заштита од пушење, алкохол и од дрога, сепак сите наставници не се вклучени во вакви |

| | |
|---|---|
| | активности. |
| • Воспоставување на механизми за оддавање признанија, пофалување и наградување за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата и активно се ангажира за афирмација на училиштето. | Се јавува потреба од мотивирање на наставниците и стручните соработници кои вложуваат вонреден труд и напор за афирмација на училиштето. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Прилагодување на тоалет за ученици со физички пречки и монтажа на лифт на скалите за пристап до втори спрат. | Подобрување на инклузивноста во училиштето. |
| Недоволна вклученост на учениците во процесот на планирање на воннаставните активности.. | Активното вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности и донесувањето на одлуки, преку развој на демократски вредности, критичко размислување и чувство на одговорност. |
| Креирање на комплексен и ефикасен систем за превенција од насилство и заштита на учениците од ризици како што се пушење, алкохол и дрога. | Развивање на интегрирани програми за едукација и поддршка на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога, со воспоставување ефикасни системи за идентификација и превенција на ученици, и создавање партнерства со локалните здравствени и социјални служби. |
| Воспоставување на механизми за оддавање признанија, пофалување и наградување за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата и активно се ангажира за афирмација на училиштето. | Добивање на мотивирани наставници и стручни соработници кои со зголемен елан ќе го афирмираат училиштето и ќе го подобрат квалитетот на наставата. |

Од стратешки кон развојни цели

| Стратешка цел | Развојна цел |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 1. Подобрување на инклузивноста во училиштето. | 1.1 Изработка на идејно решение и реализација на проект за лифт за пристап до втори спрат. |
| | 1.2 Инфраструктурни зафати – промена на дел од санитарниот чвор. |
| 2. Активното вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности и донесувањето на одлуки, преку развој на демократски вредности, критичко размислување и чувство на одговорност. | 2.1 Поттикнување на ученичкиот глас и лидерство. |
| | 2.2 Промовирање на критичко размислување и демократски вредности. |
| | 2.3 Развивање на одговорност и социјална акција. |
| 3. Развивање на интегрирани програми за едукација и поддршка на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога, со воспоставување ефикасни системи за идентификација и превенција на ученици, и создавање партнерства со локалните здравствени и социјални служби. | 3.1 Создавање интерактивни програми за едукација на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога. |
| | 3.2 Воспоставување системи за рана идентификација и превенција на ученици за насилство насилство и ризични состојби. |
| | 3.3 Развој на партнерства со локални здравствени и социјални служби, полицијата и невладините организации за споделување ресурси и превенција. |
| 4. Добивање на мотивирани наставници и стручни соработници кои со зголемен елан ќе го афирмираат училиштето и ќе го подобрат квалитетот на наставата. | 4.1 Создавање на механизми за пофалување и наградување на наставниците и стручните работници. |
| | 4.2 Развој и имплементација на стратегија за привлекување финансиски средства. |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| Стратешка цел: 1. Подобрување на инклузивноста во училиштето. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Развојна цел: 1.1 Изработка на идејно решение и реализација на проект за лифт за пристап до втори спрат. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| Изработка на идејно решение.<br>Обезбедување на финансии и реализација на проект | Овозможување на пристап на вториот спрат за лица со физички хендикеп. | Директор, локална самоуправа | Учебна 2026-2028 | Буџет, донации. | Директор и тимот за следење на проектот | Функционален лифт. |
| Развојна цел: 1.2 Инфраструктурни зафати – промена на дел од санитарниот чвор. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| Промена на дел од санитарниот чвор | Спојување на 2 кабини во женскиот тоалет во тоалет за лица со телесен хендикеп. | Директор, помошно-технички персонал, локална самоуправа | Учебна 2026/2027 | Финансиски средства. Јавна набавка Сметки Фактури Исплата | Директор и тимот за следење на годишната програма | Направени промени во санитарниот чвор. |
| Стратешка цел: 2. Активното вклучување на учениците во планирањето на вонnаставните активности и донесувањето на одлуки, преку развој на демократски вредности, критичко | | | | | | |

| размислување и чувство на одговорност. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Развојна цел: 2.1 Поттикнување на ученичкиот глас и лидерство. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| 1. Спроведување на работилници за учениците од IV до IX оддна тема „Како да планираме и организираме воннаставни активности“,со цел да се подготват за активно учество во процесот на планирање. | 80% од учениците учесници ќе покажат разбирање на процесот на планирање по завршување на работилниците. 60% од предложените идеи од учениците ќе бидат интегрирани во училишните воннаставни активности. 90% од учениците ќе изразат задоволство од работилниците преку анкетите. | Наставници кои се одговорни за воннаставни активности. Надворешни експерти за организација на активности (по потреба). Училишен психолог и педагог. | Учебна 2025/2029 | Брошури, водичи). Просторија опремена за групна работа и презентации (табла, проектор, лаптопи). Буџет за ангажирање надворешни експерти и организација на работилниците. | - Училишен педагог и психолог. Претставници од наставничкиот совет. Претставници од ученичкиот парламент. | Анкети за учениците за задоволство од работилниците. Прашања за проверка на разбирање на процесот на планирање (пред и по работилницата). Листа на предложени идеи од учениците и проценки за тоа колку од нив се интегрирани во воннаставните активности. |
| 2. Одржување на крај на секој квартален период ученички форуми каде што учениците преставници од | Минимум 70% од учениците учествуваат во дискусиите. Најмалку 30% од предложените идеи се реализирани во | Наставници, координатори, ученици, стручни соработници, Директор | Учебна 2025/2029 | Соодветна просторија за дискусии. Лаптопи и проектори за презентации. Печатење на информат | Координатор наставник на активноста. Ученици, стручни соработници. Директор, административен | Пишани извештаи и записници од секој форум и дебата. Формулари и анкети за собирање повратни информации од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ученичкиот парламен ќе можат да дебатираат идеи за подобрување на училиштето и планирање на нови активности. | активности или проекти. Најмалку 80% позитивни оценки од учениците и наставниците за квалитетот на дебатите. | | | ивни материјали Мали трошоци за подготовка и организација на настаните | кадар | учениците. Статистички подагоци за бројот на предлози и идеи. Извештаи од евалуација на резултатите. |
| 3. Создавање на онлајн платформа или физички „кутија за идеи“ каде учениците преставници од ученичкиот парламен ќе можат да предложат активности и проекти за училишниот живот. Идеите ќе бидат селектирани по пат на демократски избор со тајно гласање. | 80% зголемување на предложените идеи во првата година. 60% од учениците активно предлагаат идеи. 5% од предложените идеи се реализирани. 75% од учениците се задоволни од процесот и платформата. | Наставници и координатори. Ученици Стручни соработници Директор | Учебна 2025/2029 | Средства за развој на онлајн платформа или за набавка на физичка „кутија за идеи. Компјутери Брошури, упатства | Наставник раководител на проектот Претставници од ученичкиот парламент Одговни наставници и ученици за промовирање на платформата во училиштето | Платформи за управување со документи како Google Drive Записи и табели кои водат евиденција на предложените идеи Анкети за собирање повратни информации |
| Развојна цел: 2.2 П ромовирање на критичко размислување и демократски вредности. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| 1. Организирањ | 80% од учениците учествуваат | Наставник по граѓанско | Учебна 2025/2029 | Просторија за симулациј | Наставник по граѓанско | Анкети и прашалници за собирање |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| е симулации на избори дебати или парламентарни сесии, организирани и реализирани од страна на ученичкиот парламент.<br>Потоа по пат на хоризонтално учење ќе се пренесат во секоја паралелка од IV до IX одд. | во симулациите 70% покажуваат подобрување во аргументирањето и донесувањето одлуки.<br>75% покажуваат позитивен напредок во тимската работа. | образование<br>Ученици преставници од ученички парламент.<br>Наставници | | а<br>Печатени материјали<br>Компкјутери | образование.<br>Ученици преставници од ученички парламент.<br>Наставници | повратни информации од учениците и наставниците за вкупното учество на учениците и за способностите за критичко мислење.<br>Извештаи од спроведените анкети.<br>Извештај од финални евалуации |
| 2.<br>Развој на проекти за основните граѓански права и слободи на изразување.<br>Правото на еднаквост и правото на приватност кај учениците. | 90% учествуваат во истражување за граѓански права.<br>70% покажуваат подобрени критички вештини преку дебати.<br>75% активно учествуваат во дебати и дискусии.<br>2% остварени проекти. | Наставник по граѓанско образование<br>Ученици преставници од ученички парламент.<br>Наставници | Учебна 2025/2029 | Книги, статии<br>Компјутери или таблети<br>Постери, маркери, лепила и боички | Наставник по граѓанско образование.<br>Ученици преставници од ученички парламент.<br>Наставници | Анкети и прашалници за повратни информации од учениците и наставниците<br>Интервјуа со ученици и наставници.<br>Листи за присуство, фотографии, видеа.<br>Извештаи од спроведените анкети.<br>Краен извештај од проектот |
| 3.<br>Поддршка на учениците од I до IX одд да организираат | 80% учествуваат во организирање на кампањи.<br>70% покажуваат подобрени | Наставник по граѓанско образование, природни науки и биологија | Учебна 2025/2029 | Книги, статии, презентации.<br>Компјутери | Наставник по граѓанско образование, природни науки и | Анкети и прашалнизци за собраните повратни информации од учениците и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| и учествуват во кампањи за општествени прашања, како што се заштита на животната средина. | лидерски способности.<br>75% зголемуваат свест за заштита на животната средина.<br>10% од кампањите резултираат со конкретни акции (садење дрвја, чистење). | Ученици преставници од ученички парламент<br>Наставници.<br>Преставници од локална заедница.<br>Родители | | Постери, флаери и брошури<br>Донации<br>НВО за поддршка на кампањата. | биологија.<br>Ученици преставници од ученички парламент<br>Наставници<br>Преставници од локална заедница.<br>Родители | наставниците.<br>Извештаи за спорведенате кампања.<br>Листи за присуство.<br>Записници од состаноци<br>Фотографии, видеа |
| Развојна цел: 2.3 Развивање на одговорност и социјална акција. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| 1.<br>Организирање на акција за чистење на паркови, садење на дрвја и уредување на Еко катче во училишниот двор. | 80% од учениците учествуваат во планирани активности.Садат најмалку 10 дрвја или растенија.<br>10% од локалната заедница е вклученаво акцијата.<br>20% родители вклучени во акцијата<br>75% од учениците покажуваат зголемено знаење за одржливост. | Наставници по биологија, природни науки, граѓанско образование.<br>Координатор наставник на проектот<br>Ученици<br>Преставници од локалната заедница.<br>Родители | Учебна 2025/2029 | книги, статии, презентации.<br>Компјутери.<br>Постери, флаери и брошури.<br>Садници, семиња и алатки за садење.<br>Донации<br>НВО за поддршка на кампањата | Наставници по биологија, природни науки, граѓанско образование.<br>Координатор наставник на проектот<br>Ученици<br>Преставници од локалната заедница.<br>Родители | Анкети и прашалнизци за состојбата пред и по раеализацијата на акцијата<br>Информации од учениците и наставниците<br>Извештаи за спорведената акција<br>Листи за присуство записници од состаноци<br>Фотографии, видеа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Организирање на активности за социјална ранлива група на ученици | 80% од учениците учествуваат во волонтерски активности. Организирани најмалку 2 волонтерски активности во секоја наставна година 75% од учениците покажуваат зголемено разбирање за социјалните проблеми. | Наставници по, граѓанско образование. Координатор наставник на акцијата Ученици Стручни соработници - Преставници од локалната заедница Родители | Учебна 2025/2029 | Постери, брошури, медиуми, социјални мрежи Донации од материјали за хигиена, облека, храна. Организација на базари и талент шоуа. | Наставници по, граѓанско образование. Координатор наставник на акцијата Ученици Стручни соработници - Преставници од локалната заедница Родители | Фотографии, видеа, извештај од структурата на учениците од сојално ранливата категорија Извештај од спровредената акција |
| Стратешка цел: 3. Развивање на интегрирани програми за едукација и поддршка на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога, со воспоставување ефикасни системи за идентификација и превенција на ученици, и создавање партнерства со локалните здравствени и социјални служби. | | | | | | |
| Развојна цел: 3.1 Создавање интерактивни програми за едукација на учениците, наставниците и родителите за ризиците од насилство, пушење, алкохол и дрога. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| 1. Имплементација на едукативни програми и работилници за учениците од I до IX одд кои ќе вклучуваат интерактивни предавања, | 80% од учениците учествувале во програмите и работилниците. 90% од планираните програми и работилници се | Стручни соработници Наставници Ученици Локалната заедница. | Континуирано | Едукативни материјали Обучени фасилитатори и стручњаци и за одржување на | Директор Тим за следење на годишната програма | Анкети и прашалници. Извештаи од обучувачите. Статистички податоци. Повратни информаци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| групни дискусии и практични вежби за здрави навики и стратегии за справување. | реализирани.<br>85% од учесниците се со подобрени здрави навики и сподсобности за справување со предизвици од пороци | | | работилниците и предавањата.<br>Простории и опрема | | и од учениците. |
| 2.<br>Организирање на проекти во училиште, каде учениците ќе создаваат мултимедијални презентации, видеа или постери за подигнување на свеста за ризиците, следејќи го процесот од идеја до реализација | 80% реализирани проекти.<br>75% учесници во проектите од ученици креирани мулимедијални презентации и видеа, со поддршка на наставници, и предавања од родителите.<br>85% квалитет на завршените проекти (на основа на оценки и повратни информации). | Наставници,<br>ученици,<br>Родители,<br>Надворешни соработници | Континуирано | Едукативни материјали<br>Потрошен канцелариски материјал<br>Опрема и простор | Наставници, координатор на проектите, родители. | Извештаи за напредок, оценување на проектите, анкети за учесниците. |
| Развојна цел: 3.2 Воспоставување системи за рана идентификација и превенција на ученици за насилство насилство и ризични состојби. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.<br>Создавање на | Создавање на специјализир | Стручни соработниц | Учебна 2024/25 – | Образовни | Директор Тим за | Анкети и прашалниц |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| специјализирани програми за обука на наставниците кои ќе ги опфатат техники за препознавање на насилство и ризични состојби, како и стратегии за интервенција. | ани програми за обука на наставниците кои ќе ги опфатат техники за препознавање на насилство и ризични состојби, како и стратегии за интервенција. | и наставници Ученици<br>Локалната заедница | 2027/28 година | материјали документи и протоколи; презентери и експерти<br>практични ресурси<br>-техничка опрема | следење на годишната програма | и Записници и извештаи Статистички податоци Повратни информации од учениците |
| 2.<br>Создавање на интердисциплинарен тим за поддршка кој ќе работи со учениците за превенција од насилство или ризични состојби. | Тим за превенција 75% кои добиваат поддршка на ниво на цело училиште.<br>85% позитивни повратни информации од учениците и родителите за квалитетот на поддршката | Наставници<br>Стручна служба | Учебна 2024/25 – 2027/28 година | Ресурси за поддршка (прирачници, материјали), комуникациски алатки. | Координатори, Членовина тимот заподршка родители. | Извештаи за активностите на тимот, анкети за задоволство од поддршката. |
| 3.<br>Создавање на стандартизирани протоколи за интервенција за ученици кои покажуваат знаци на насилство или ризични состојби. | 100% развиени протоколи. 90% случаи обработени според новите протоколи.Време на реакција на интервенции:<br>80% спроведени во рок од 24 часа | Наставници, стручна служба, административно лице. | Учебна 2024/25 – 2027/28 година | Стручна литература, консултации со експерти, работна група | Координатор на проектот, членови на тимот, административни работници | Извештаи за имплементацијата на протоколите, статистики за обработени случаи, анкети за ефективноста на интервенциите. |
| Развојна цел: 3.3 Развој на партнерства со локални здравствени и социјални служби, полицијата и | | | | | | |

невладините организации за споделување ресурси и превенција.

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Договори и спогодби со локални здравствени и социјални служби, полиција, невладини организации и родителски асоцијации за предавања и работилници за учениците од превенција од насилство. | 85% реализирани настани, кампањи и работилници. 75% од учесниците ја оценуваат применливоста на знаењето како висока. 80% позитивни оценки за ефективноста на активностите | Фасцилатори од МВР, социјални работници од НВО Стручни соработници и наставници, ученици, локалната заедница | Континуирано | Документи и договори за формализирањ е на партнерствата, организациски капацитет, средства за настан, техничка и информативна подршка | Директор Тим за следење на Годишната програма | Анкети и прашалници. Записници и извештаи Статистички подадоци Повратни информации од учениците |
| 2. Создавање на заеднички програми за превенција, како што се едукативни кампањи, работилници | - 90% реализирани заедничкипрограми. 80% од учесниците во програмите. 85% позитивни повратни информации од учесниците. | Претставници од секоја институција, Наставници, социјални работници | Континуирано | Финансиски средства за организација, материјали за обука, простор за настаните. | Членови од институции, координатор, наставници, стручна служба | Анкети за учесниците, извештаи за имплементација, статистички подадоци за учество. |

| Стратешка цел: 4. Добивање на мотивирани наставници и стручни соработници кои со зголемен елан ќе го афирмираат училиштето и ќе го подобрат квалитетот на наставата. |
|---|
| Развојна цел: 4.1 Создавање на механизми за пофалување и наградување на наставниците и |

| стручните работници. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| 1. Формирање на тим за изготвување на правилник за пофалување и наградување на наставници и стручни соработници | Изготвен правилник за начинот и постапката за пофалување и наградување на наставници и стручни соработници со дадени критериуми и начин за изготвување на листи на бодување. | Тим за изготвување на правилникот (наставници, стручна служба, родители). Директор | Учебна 2025/2026 год. | Определување на средства од буџет. Донации | Директор, наставнички совет | Увид во годишните извештаи за работата на училиштето за констатирање на примената на правилникот |
| Развојна цел: 4.2 Развој и имплементација на стратегија за привлекување финансиски средства. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации и за следење на индикаторите |
| 1. Барање и идентификација на потенцијални извори на финансирање | Број на идентификувани извори на финансирање: 80% успешно анализирани извори. 60% од изворите за кои е | Локална самоуправа Стручни соработници и наставници, ученици, локалната заедница Тим за пишување на | Учебна 2025/2026 год | Тим од 3 лица за истражување и анализирање на извори. Буџет за патни трошоци, литература и алатки | Директор Тим за следење на годишната програма | Интернет платформи за грантови Бази на податоци за донатори Вебинари и конференции Анализа на претходни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | подготвен план за аплицирање. Број на контакти со потенцијални донатори и спонзори:<br>Позитивнипо вратни информации од 3 објавени апликации. | апликации<br>Локални и меѓународни партнери (училишта, НВО, итн.)<br>Консултанти за финансирање | | Обуки и курсеви за користење на средства за истражување и аплицирање | | проекти.<br>Документација и извештаи |
| 2.<br>Создавање на партнерства и мрежи со донатори спонзори | 80% зголемување на активни партнерства.<br>90% успешно реализирани обврски.<br>75% позитивни повратни информации од донатори.<br>70% нови иницијативи преку партнерства.<br>60% зголемување на обезбедени средства. | Наставници, стручни соработници.<br>Директор, стручни лица за финансии. | 2025-2029 год | Стручни соработници, наставници, и членови училишниот одбор.<br>- Средства за организација на настани и за промотивни материјали<br>Договори и меморандуми за соработка. | Координатор на проект.<br>Специјалист за финансии и буџет.<br>Наставници и стручни соработници, директор. Тим за следење и евалуација. | Платформи за управување со проекти<br>Бази на податоци<br>Комуникациски алатки<br>Алатки за анализа<br>Финансиски извештаи<br>Формулари за собирање на повратни информации. |
| | | | | | | |

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

1. Мирослав Бошнаков - директор
2. Жаклина Кречева - педагог
3. Стефани Шапкарова - психолог
4. Гордана Терзиева - предметен наставник, наставник ментор
5. Марија Вичентијевиќ - одделенски наставник
6. Танжу Билалоглу - одделенски наставник, ПУ на турски јазик
7. Елена Мазнова - Совет на родители
8. Емилија Тунева - претставник од општината
9. Љупчо Стоев - ученичка заедница

Директор
Мирослав Бошнаков

Претседател на УО
Снежана Кортова